**ЗА МКБ**

МКБ е првото и единствено кредитно биро во Македонија, основано 2008 година од страна на Клириншка куќа Клириншки интербанкарски системи АД Скопје (КИБС АД Скопје),  врз основа на посебен Закон за кредитно биро.

Македонското кредитно биро управува со единствениот систем во Македонија кој врши собирање, обработување и размена на податоци за обврските на правните и физичките лица со цел да дава информации за задолженоста и редовноста во измирувањето на финансиските обврски. МКБ располага со најголемата и дневно ажурна база на податоци која нуди единствени можности за заштита од ризично работење преку успешно управување и преземање ризици што може да се контролираат. Нашиот систем го користат сите банки, штедилници, финансиски друштва, друштва за финансиски лизинг, други даватели на кредити, Управата за јавни приходи, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија, градот Скопје и единици на локалната самоуправа, давателите на услуги од областа на комуналните дејности, енергетиката и телекомуникациите, други правни лица кои даваат услуги по основ на кои настануваат обврски за правните и физичките лица, како и физички лица кои не се сметаат за трговци согласно Законот за трговски друштва.